**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржа на на 24 јули 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,18 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Стојан Андов, Али Ахмети, Тито Петковски, Горан Мисовски, Соња Мираковска, Лилјана Поповска, Андреј Жерновски, Роза Топузова-Каревска, Ристо Пенов, Јован Манасијевски, Ѓорѓи Оровчанец, Теута Арифи, Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грккова Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Горан Сугарески, Емилијан Станковиќ, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, господин Бранко Црвенковски, претседателот и члeновите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Законот за аудиовизуелните добра.

Предлогот на законот Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор заменикот министер за култура, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Ако се изземе фактот дека овој закон е некаде од октомври во Собранието, итноста на неговото донесување лежи во тоа што има итна потреба од усогласување со Законот за заштита на културното наследство.

Колку за појаснување овој закон, значи Законот за заштита на културното наследство е системски закон од оваа област и тој создава услови за интегрално остварување и на системот на заштита на сите видови културно наследство, како движното така и недвижното. Тоа би било се. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Пред да го ставам законот на гласање, молам службите да го уврдат точниот број на пратеници.

Во салата има 55 пратеници. Немаме доволен број на пратеници за гласање.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Според тоа може полноважно да се одлучува.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе законот за аудиовизуелните добра, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, сите 62 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 62 пратеници, од нив за Предлогот гласаа сите 62, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Законот за прогласување на локалитетот “Куклица” за споменик на природата.

Предлогот на законот Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор заменикот министер за животна средина, повелете.

**Соња Лепиткова:** Благодарам господине претседателе.

Планските определби за заштита на природното наследство дефинирани со Просторниот план на Република Македонија каде што површината за заштитени подрачја во Република Македонија, од досегашните 7,30%, треба да се зголеми на 11,6%, неоспорно го наметнува заклучокот дека локалитетот “Куклица” ги исполнува сите критериуми да биде прогласен за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата.

Причината за итната постапка е поврзана и со меѓународните конвенции кои ги има ратификувано Република Македонија и обврзано да постапува по нив во однос на заштитените подрачја.

Ако се земе предвид дека овој закон уште од минатата година беше ставен на собраниска седница и ги помина сите комисиски расправи, со тоа на некој начин се потврдува и итноста за постапката на донесување на овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе законот за прогласување на локалитетот “Куклица” за споменик на природата, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеника, сите 60 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 60 пратеници, од нив за Предлогот гласаа сите 60, нема воздржани, нема против.

Ги молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Според тоа гласањето е полноважно.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесат Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование и Законот за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачката дејност.

Предлозите на законите Ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи двата предлози, а гласањето по секој од нив ќе го вршиме одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор господинот Живко Јанкуловски, вицепремиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници.

Со постојните одредби од Законот за високо образование со кој се регулира наградувањето на наставно-научниот кадар во високо образовните установи, не е регулирано наградувањето, значи беше запоставено во досегашниот период, врз основа на објавени научни трудови во престижни меѓународни списанија со импакт фактор.

Исто така во одредбите од Законот за високо образование, не е регулирана ни клиничката настава односно настава изведувана од стручни лица од практиката, како и потребата да се дефинира процент од наставната програма, кој ќе се изведува преку клиничка настава.

Ценејќи дека има потреба од усогласување со законодавството на Европската унија во делот на кадарот кој изведува настава на високо образовните установи, со овој закон се регулира дека од 2012 година одредените соработнички звања ќе се укинат, што предизвика потреба од определени измени и дополнувања на Законот за високо образование. Поради тоа Министерството за образование и наука изготни и на Владата на Република Македонија и достави Предлог за изменување и дополнување на Законот за високо образование, при што се налага потребата од донесување на овој закон по итна постапка, со цел да се овозможи навремено извршување на сите подготовки за високо образовните установи да ги усогласат студиските програми, како и да извршат измени и дополнувања на прописите кои произлегуваат од Законот за високото образование.

Што се однесува до Предлогот за донесување на Законот за научно-истражувачка дејност, настана усогласување со Законот за високо образование заради усогласувањето со законодавството на Европската унија во делот на кадарот кој врши истражувачка работа во јавните научни установи.

Исто така постои потреба од донесување на овој закон по итна постапка, со цел да се овозможи навремено извршување на сите подготовки за јавните научни установи да извршат измени и дополнувања на прописите кои произлегуваат од Законот за научно-истражувачка дејност, а по истиот принцип како и Законот за високо образование, се регулира предноста за објавените научни и стручни трудови со ипакт фактор. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесат Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 61 пратеник, од нив за Предлогот гласаа сите 61, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачката дејност, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 65 пратеници, од нив за Предлогот гласаа сите 65, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесат Законот за престанување на примената на Законот за заштита на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство; Законот за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита; Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата.

Предлозите на законите Ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го извршиме за секој од нив одделно

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Благодарам господине претседателе.

За првиот закон, Законот за заштита на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство, од самиот наслов на законот произлегува дека тој веќе нема никаква примена во правниот систем во регулативата на Република Македонија и во рамките на регулаторната гилотиња, како проект на Владата на Република Македонија, се предлага овој закон кој нема никаква практична примена во нормативниот систем на Република Македонија, понатаму да егзистира и од тие причини се предлага практично да биде донесен закон со кој ќе се укине постоењето односно неважењето на Законот за заштита на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство.

Понатаму, Законот за социјална заштита, да кажам, поаѓајќи од фактот дека податоците од Заводот за статистика укажуваат дека во Република Македонија е алармантна состојбата во врска со наталитетот односно со намалувањето на новородени деца, а зголемување на старосното население, што впрочем помалку или повеќе е проблем и во други држави во светот, Владата на Република Македонија донесе стратегија за демографски развој во наредниот период, која стратегија секако предвидува и одредени законски решенија, стимули на мајките кои ќе родат второ, трето или четврто новородено дете, практично преку тие законски мерки да се влијае на подобрување на демографскиот развој во Република Македонија. Во таа насока во Законот за социјална заштита се предвидува воведување на едно ново право, покрај постојните права, а тоа е правото на парична помош за четврто родено дете. Тоа значи дека мајката која што ќе роди четврто родено дете и се грижи за него до 18 годишна возраст...

**Трајко Вељаноски:** Министре зборувајте за итноста на законот.

**Љупче Мешков:** Во ред.

Значи, заради фактот што реков дека е алармантна состојбата, поради тоа и се предлагаат решенија и во Законот за социјална заштита и во Законот за заштита на деца кои што побрзо треба да дадат резултати во подобрувањето на демографскиот развој во Република Македонија.

Што се однесува до Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи, познато е дека Владата на Република Македонија усвои проект за електронско регистрирање, пријавување и одјавување на вработените во социјалното осигурување во Агенцијата за вработување, а исто така усвои Акционен план за спроведување на мерките за подобрување на деловната клима во Република Македонија. Во овој Акционен план утврдени се повеќе и различен вид на мерки во повеќе области кои се поврзани со измени и дополнување на законската регулатива од кој дел од мерките утврдени во планот се однесуваат и на Законот за работни односи.

Исто така во меѓувреме се донесени и повеќе одлуки на Уставниот суд на Република Македонија со кој се укинати одделни одредби на законот и поради тоа постоеше итна потреба исто така да се инкорпорираат и овие одлуки на Уставниот суд во соодветните одредби од Законот за работните односи. Токму заради спроведувањето на Акциониот план и Проектот за електронско регистрирање, пријавување и одјавување е и потребата од итно донесување на измените на Законот за работни односи. Благодрам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за престанување на примената на Законот за заштита на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, сите 62 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 62 пратеника, од нив за Предлогот гласаа сите 62, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на

Законот за социјална заштита, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, сите 62 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 62 пратеника, од нив за Предлогот гласаа сите 62, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници. Сите 60 гласаа за. Нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против, молам да крене рака? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 60 пратеници, сите 60 гласаа за, нема воздржан, нема против?

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 69 пратеника.

Гласањето е полноважно.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници. Сите 63 гласаа за. Нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против, молам да крене рака? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 63 пратеници, сите 63 гласаа за, нема воздржан, нема против?

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесат Законот за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Републилка Португалија по Договорот за Проектот “Акциона програма за унапредување на општините и животната средина” во општините Велес и Штип; Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, Законот за изменување на Законот за преземање на гаранции по користени кредити од Европската инвестициона банка, Законот за изменување на Законот за уредување на односите во врска со отплатата на користени кредити од Меѓународните финансиски организации, Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија, Законот за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по Договорот за заем за реализација на Проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица, Законот за изменување и дополнување на Законот за царинската управа, Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договор за Третиот програмски заем за развојни политики - ПДПЛ 3, Законот за дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година, Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите, Законот за изменување и дополнување на Законот за стоковни резерви и Стратегијата за управување со јавниот долг на Република Македонија за периодот од 2008 до 2010 година.

Предлозите ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор господинот Трајко Славески, министер за финансии.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Од Проектот деветта точка се предлага по итна постапка да се донесе Законот за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Републилка Португалија по Договорот за Проектот “Акциона програма за унапредување на општините и животната средина” во општините Велес и Штип, со Предлог на закон.

Ваков закон за задолжување е донесен пред повеќе години. Не се ефектуирала програмата, не се ефектуирал заемот од причини што ќе ги објаснам во образложението, секако доколку се прифати оваа точка за разгледување како итна. Значи, со цел да се намали бројот на закони во Проектот регулаторна гилотина кои што немаат практично никакво значење, или важење, предлагаме овој закон да се донесе за измена на

Законот, односно за престанок на важење на Законот по итна постапка.

Понатаму точката број 10, се предлага да се донесе  Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност. Имено, со оваа измена се предлага услугите за одржување на јавна чистота и отпремување на отпад кои што оданочуваат во моментов со повисоката стапка на ДДВ од 18% во иднина по усвојување на Законот да се одданочуваат со стапка овластена стапка на ДДВ од 5%. Имено, ова ќе придонесе за итно санирање во одредена мера на тешките финансиски состојби во голем број на јавни комунални претпријатија на локално ниво. Оттука потребно е да се донесе овој закон за изменување и дополнување на Законот за ДДВ по итна постапка.

Точката 11 се предлага по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за преземање на гаранции по користени кредити од Европската инвестициона банка, со Предлог на закон.

Предлагаме да се измени само механизмот на сервисирање на овој заем во време кога е заемот отпочнат да се користи и да се сервисира, Владата на Република Македонија има склучено договор со Стопанска банка, значи една од комерцијалните банки во Република Македонија заради во тоа време оценката дека сеуште во соодветните инсституции нема капацитет за таквиот вид на операции. Во меѓувреме во Министерството за финансии воспоставен е сектор за управување со јавен долг кој што може целосно да ги преземе овие операции и наместо преку Стопанска банка сервисирањето да оди преку Народна банка на Република Македонија. Имено, станува збор за можност за значителни заштеди на средства на име трошоци за сервисирање на заемот, односно провизии.

Иста е природата и на предлогот за измена на Законот за уредување на односите во врска со отплатата на користени кредити од Меѓународните финансиски организации.

Значи, целосно адекватно, односно слично образложение како и во претходниот случај. Наместо сервисирањето да оди преку Стопанска банка која што наплаќа провизија од 2%, кредитот ќе се сервисира преку Министерството за финансии и Народна банка на Република Македонија каде што максималниот износ на провизијата изнесува 5 илјади денари. Значителна заштеда на средства.

Понатаму точката 13. Закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија. Овој е еден од оние типови на закони кои што се усогласуваат со новиот Закон за прекршоци. Имено, потребно е час поскоро да дојде до тоа усогласување заради одбегнување на штетни последици во примената на соодветната материја во практиката.

Точкас 14. Предлог за донесување по итна постапка на Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по Договорот за заем за реализација на Проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица. Овде станува збор за техничко усогласување на датумите за почеток на отплата на заемот.Имено, при потпишувањето и на заемот, а подоцна и на Договорот за кредит постои неусогласеност. Во едниот случај датата е во 2011 година, во другиот случај е во 2010 година. Сега со овој предлог за измена се надминува таа неусогласеност за да може заемот редовно да се користи и да се сервисира.

Точка 15. По итна постапка предлагаме да се измени и дополни Законот за царинската управа.

Суштината е со тоа што Царинската управа ќе треба да ги преземе граничните премини, односно управувањето со граничните премини. Ова е заради трансформацијата која што е во тек на ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор. Техничките подготовки се направени. Потребен е законски основ Царинската управа најитно да го преземе управувањето со граничните премини.

Точка 16. Ова е задолжување односно Законо за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договор за Третиот програмски заем за развојни политики - ПДПЛ 3.

Имено, овој вид на заеми е познат со своите корисни реперкусии врз реформите во Република Македонија во повеќе сфери. Кредитот се подига наеднаш и неопходно е заради негово користење што поскоро овој закон да се донесе по итна постапка.

Точките 17 и 18 се со исто образложение.

Точката 17 се однесува на дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

Во рамките на зголемување на самостојноста на регулаторните тела, независните регулаторни тела во Република Македонија со Закнот за извршување на Буџетот, како и со Законот за буџетите има обврска овие институции, регулаторните тела од типот на регулаторна агенција за енергетика, за електронски комуникации, МАПАЗ итн., за вработувањата, како и другите буџетски корисници бараат дозвола, односно согласност од Министерството за финансии.

Со измените и дополнувањата на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година се брише таа одредба, односно регулаторните тела во рамките на своите планови во иднина ќе можат да ги вршат вработувањата без барање на согласност на Министерството за финансии.

Со оглед на тоа што оваа обврска е влезена во реперите за подготовка на Република Македонија, однсоно извршување на обврските за добивање на датум за преговори со Европска унија, предлагаме по итна постапка да се донесат овие измени.

Точка 18, исто како и во претходниот случај, само сега кај Законот за буџетите се брише обврската

за согласност за вработувања кај регулаторните агенции од Министерството за финансии.

Точка 19. измена и дополнување на Законот за стоковни резерви. Усогласување со Законот за прекршоци.

Потребно е заради одбегнување на некои штетни последици во висината на утврдување на глобата, Законот да се донесе по итна постапка.

И на крај од оваа група на предлози е Стратегијата за управување со јавниот долг на Република Македонија за периодот од 2008 до 2010 година.

Почитувани, ова е документ кој што оди заедно со другите стратешки документи за среден рок. Имено, за да можат да отпочнат непречено подготовките за Буџетот 2009 година потребни се насоките што тука се утврдуваат во оваа стратегија. Оттука се предлага да се донесе по итна постапка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Републилка Португалија по Договорот за Проектот "Акциона програма за унапредување на општините и животната средина" во општините Велес и Штип, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника. Сите 62 гласаа за. Нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против, молам да крене рака? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 62 пратеници, сите 62 гласаа за, нема воздржан, нема против?

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменуваење и дополнување на Законот за данокот на ДДВ го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеника. Сите 58 гласаа за. Нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против, молам да крене рака? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 58 пратеници, сите 58 гласаа за, нема воздржан, нема против?

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека гласањето е полноважно.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за преземање на гаранции по користени кредити од Европската инвестициона банка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеника. Сите 65 гласаа за. Нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против, молам да крене рака? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржан, нема против?

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за уредување на односите во врска со отплатата на користени кредити од меѓународните финансиски организации, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеника. Сите 65 гласаа за. Нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против, молам да крене рака? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржан, нема против?

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеника. Сите 65 гласаа за. Нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против, молам да крене рака? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржан, нема против?

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по Договорот за заем за реализација на Проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеника. Сите 67 гласаа за. Нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против, молам да крене рака? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа за, нема воздржан, нема против?

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Царинска управа го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеника. Сите 64 гласаа за. Нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против, молам да крене рака? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 64 пратеници, сите 64 гласаа за, нема воздржан, нема против?

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по договор за Третиот Програмски заем за развојни политики - ПДПЛ 3, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеника. Сите 65 гласаа за. Нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против, молам да крене рака? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржан, нема против?

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеника. Сите 65 гласаа за. Нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против, молам да крене рака? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржан, нема против?

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменувње и дополнување на Законот за Буџетите го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеника. Сите 66 гласаа за. Нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 пратеници гласаа за.

Нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за стоковни резерви го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, сите 63 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 63 пратеници, сите 63 пратеници гласаа за.

Нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Статегијата за управување со јавниот долг на Република Македонија за периодот 2008 до 2010 година го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеника, сите 66 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 пратеници гласаа за.

Нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанци, Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето и Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување.

Предлозите на законите ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор заменикот министер за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Ќе започнам прво со првиот закон, поточно со Законот за контрол ана опојни дроги и психотропни супстанци.

Целта на овој закон е да се направи единствен пристап во легалниот промет на опојните дроги и психотропните супстанци, заради спречување на нивната злоупотреба за недозволени цели, како и за усогласување на постоечката законска регулатива со конвенциите на Обединетите Нации.

Ние преку овој закон кој што во текот на изминатата година во неколку наврати беше промовиран и имаме интензивна и добра комуникација со сите инволвирани страни, сакаме да постигнеме неколку основни цели, а тоа е превенција на злоупотребата на дрогата преку зголемување на свесноста и информираноста, едукацијата и преземање на конкретни мерки и активности, понатаму, развивање и имплементирање во пракса на стандардите и нормите на Обединетите нации, во превенирање на криминалните активности поврзани со дрогата, воспоставување на корпоративна стратегија, идентификување и применување на добрите пракси во сите полиња за намалување на снабдувањето со дрога, како и зголемување на меѓународната соработка во активностите.

Причините за итноста на примената на овој закон се од причина што овој закон влегува во рамките на законите кој што се меѓу осумте приоритети посочени од Европската унија и сметаме дека Владата треба да го донесе овој закон по итна постапка.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам. Дали завршивте?

**Владимир Лазаеевик:** Дали да образложам за сите закони?

**Трајко Вељаноски:** Образложете ги сите.

**Владимир Лазаревик:** Вториот закон кој што го предлагаме е Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето, со Предлог закон.

Како што е веќе познато во Република Македонија исклучително е зголемен бројот на малигни заболувања и белодробни заболувања, кои што се поврзани како директен ризик фактор, посочени практично од употребата на цигарите во јавни простории.

Дополнително постоечката законска регулатива оневозможуваше да настане правилна практична примена на постоечкиот Закон и од тие причини, ние правиме измена и дополнување на овој Закон, со кој што сакаме да воведеме, пред се, поголема контрола во делот кои се инспекциите надлежни за спроведување на мерките кои што ги предвидува овој закон, како и дополнително ограничување на пушењето во јавните простории, точно се одредени во кои и во објектите во кои што се сместуваат гости. Но сепак, ќе има одредена можност во некој процент до 30% да има простор определен за пушачите, меѓутоа, во секој случај ние со ова почнуваме да ја спроведуваме практиката која се најавува во поголем број на земји од Европската унија за речи си целосна забрана на пушењето во јавните простории.

Конечно, третиот Прдлог на измени и дополнувања на Законот за здравствено осигурување, каде што имаме два битни моменти. Едниот е усогласување на стапката за пресметување на придонесите, практично хармонизацијата од 65 на 50% и уште една одредба која што е исто така многу битна за нас, а тоа е дека преку овој закон, со помош на определени средства од Буџетот, ќе успееме да определиме посебен паричен надоместок за живо родено дете кај невработените мајки во Република Македонија и со тоа сметаме дека ќе го поттикнеме наталитетот во оние региони во Република Македонија каде што тој е значително под стапката на природен прираст.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанци го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, сите 62 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 62 пратеници, сите 62 пратеници гласаа за.

Нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, 60 гласаа за, нема воздржани, 1 против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 61 пратеник, 60 пратеници гласаа за.

Нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници, сите 59 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 59 пратеници, сите 59 пратеници гласаа за.

Нема воздржани, нема против.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во салата се присутни 68 пратеници.

Констатирам дека гласањето е полноважно.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Закконот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци, Законот за изменување и дополнување на Законот за судскиот буџет, Законот за изменување на Законот за малолетничка правда, Законот за изменување и дополнување на Законот за адвокатура и Законот за изменување на Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија.

Предлозите на законите ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста, овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе,

Сакам да ја образложам итноста од законите кои ги наведовте.

Прво, што се однесува до Законот за заштита на лични податоци, Предлогот за изменување и дополнување на Законот, сакам да истакнам дека тој влезе во собраниска процедура, бидејки е доставен од Владата во Собранието во втората половина од 2007 година. Се работи за исклучително значаен закон од европската агенда на закони.

Овој закон беше доставен на мислење до Еуроџаст и до Европската комисија и мислењата се вградени во текстот на законот. Овој закон е услов за потпишување на Договорот на Република Македонија за полноправно членство во Еуроџаст. Разговорите се завршени пред 3-4 месеци и е утврден нацртот на Договорот, со тоа што услов за потпишување на договор е донесувањето на овој закон. Само по себе, ова укажува на итноста од донесување на овој закон.

Второ, што се однесува за Законот за судскиот буџет, исто така сакам да ги образложам потребите од итноста од донесување на законот. Имено, во март месец во Република Македонија беше скспертска мисија на Европската комисија, експерти кои обавија повеќе консултации во врска со примената на одредени одредби од судските реформи. Забелешките што ги доставија и препораките е да се префрли раководењето со судскиот буџет од Врховниот суд на Република Македонија во Судскиот совет на Република Македонија, кој што со законот е одговорен за самостојноста и независноста на судството, према тоа и со менаџирањето на средствата од судскиот буџет.

Трето, Законот за малолетничката правда се однесува на измена на само една одредба со која се пролонгира примената на овој Закон од 1.01.2009 година.

Четврто, Законот за адвокатура се усогласува и со една одредба, во врска со една одлука на Уставниот суд на Република Македонија, со која се укинува една одредба од Законот. И најпосле,

Предлогот за донесување по итна постапка на законот за употреба на грбот, знамето и химната. Законот се усогласува со Законот за прекршоци и секако дека една од определбите на Владата на Република Македонија е сите закони кои што содржат казнени одредби да бидат усогласени со Законот за прекршоци и поради тоа е и итноста на овој Закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за личните податоци, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеника, сите 63 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 63 пратеници, сите 63 пратеници гласаа за.

Нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за судскиот буџет, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеника, сите 57 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 57 пратеници, сите 57 пратеници гласаа за.

Нема воздржани, нема против.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во салата се присутни 69 пратеници, полноважно е гласањето.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за малолетнички права, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеника, сите 59 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 59 пратеници, сите 59 пратеници гласаа за.

Нема воздржани, нема против.

Службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во салта се присутни 68 пратеници.

Гласањето е полноважно.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за адвокатура го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеника, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 пратеници гласаа за.

Нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија, го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеника, сите 64 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 64 пратеници, сите 64 пратеници гласаа за.

Нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Законот за дополнување на Законот за воздухопловство, Законот за изменување на Законот за радиодифузната дејност, Законот за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Законот за изменување и дополнување на

Законот за жичари и ски лифтови, Законот за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, Националната стратегија за развој на електронските комуникации со информатички технологии и Националната програма за железничка инфраструктура за периодот 2008-2012 година.

Предлозите ви се доставени.

Заради рационалност, претставникот на Владата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив оделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие предлози да се донесат по итна постапка.

Има збор господин Зоран Ставрески вице премиер.

**Зоран Ставрески:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници, Предлогот за донесување по итна постапка на Законот за дополнување на Законот за воздухопловство се предлага согласно член 175 од Деловникот за работа на Собранието да оди по итна постапка заради потребата од регулирање на утврдувањето на надоместокот за авионските такси, а со цел спречување и отстранување на евентуални нарушувања на овој сегмент од стопанството, а исто така итноста произлегува од потребата за усогласување на овој закон со меѓународните стандарди и регулативи.

Следната точка Предлогот за донесување по итна постапка на Законот за изменување на Законот за радиодифузна дејност, со Предлог на закон, Предлогот е по итна постапка, заради потребата од итно создавање на законски услови за санирање на состојбите во Јавниот радиодифузен сервис Македонска радиот телевизија, како и на услови за поголем степен на програмски и техничко технолошки развој.

Точката 30, Предлог за донесување по итна постапка на Закон за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води се предлага исто така по итна постапка, заради потребата овој закон да биде усогласен со Законот за прекршоци во најкраток можен рок, од причина што во месец мај годинава истече законскиот рок од 12 месеци за усогласување кој е предвиден со Законот за прекршоци.

Следниот предлог е за изменување и дополнување на Законот за жичари и ски-лифтови. Од истата причина, заради усогласување на законот со Законот за прекршоци во најкраток можен рок се предлага да оди по итна постапка.

Законот за електронски комуникации со Предлог на закон, согласно член 175 од Деловникот исто така Владата предлага донесување на овој закон по итна постапка поради следните причини.

Со Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации се обезбедуваат услови за ефективна и ефикасна конкуренција на пазарот на електронски комуникации, посебно преку престанување на важноста на договорите за концесија, со што се исполнува обврската на една од клучните приоритети на Република Македонија, така наречените бенџ маркс со европското партнерство во делот на имплементацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Со донесување на овој закон по итна постапка ќе престане важноста на договорите за концесија, а Агенцијата за електронски комуникации ќе изврши спроведување на регуларната постапка на нотрификација, со што постојните концесионери ќе имаат ист третман како и сите други оператори на пазарот на електроснки комуникации.

Следната точка е донесување на национална стратегија за развој на електронските комуникации со информатички технологии.

Овде предлогот е да оди по итна постапка поради потребата од реализација на брз развој на електронските комуникации, овозможување либерализација на пазарот на електронски комуникации во Република Македонија.

Овој предлог чекаше долго и ние сметаме дека треба да се динамизира активноста околу реализацијата на оваа стратегија.

Донесувањето на стратегијата исто така е дефинирано во инцијативата АИ 2010 на Европската унија и истата ќе овозможи исполнување на обврските кои за Република Македонија произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Последната точка е образложение за итноста на потребата за донесување на Националната програма за железничка инфраструктура за периодот 2008-2012 година.

Имено, и оваа Национална програма долго време чекаше на донесување, а знаеме дека потребата за спроведување на инвестиции да се оневозможат нарушувањата во работењето на Македонски железници и инфраструктура има висок степен на итност. Истовремено во претходните 10-тина години многу малку е инвестирано во одржувањето на пругите и подобрување на инфраструктурата која што е на незадоволително ниво.

Имено, претставува ризик и за бизнисот и за граѓаните кои што ги користат услугите. Од тој аспект директно донесувањето на оваа Национална програма по итна постапка е поврзано со безбедност и сигурност во железничкиот сообраќај. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе законот за дополнување на Законот за воздухопловство го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, сите 69 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам члeновите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република

Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 69 пратеници, сите 69 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе законот за изменување на Законот за радиодифузна дејност го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, сите 64 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 64 пратеници, сите 64 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за жичари и ски-лифтови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе законот за изменвуање и дополнување на Законот за електронските комуникации го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се усвои Националната стратегија за развој на електронските комуникации со информатички технологии го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Националната програма за железничката инфраструктура за период од 2008 до 2012 година го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за метична евиденција, Законот за дополнување на Законот за личното име, Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија, Законот за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Закон за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите.

Предлозите на законите ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи сите предложи, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив оделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор министерот за внатрешни работи, госпоѓа Гордана Јанкуловска, повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам претседателе.

Предлогот за донесување по итна постапка на законот за изменување и дополнување на Законот за метична евиденција произлегува од потребата за одвојување на неполициските функции од надлежностите на Министерството за внатрешни работи.

Имено, овој предлог е доставен до Собранието на Република Македонија уште во август 2007 година така што со усвојувањето на Законот се формализира преминувањето на овие неполициски функции во други органи односно институции кои работат работи кои се посродни на водењето на матичните книги.

Следниот закон кој предлагаме да се донесе по итна постапка е Законот за дополнување на Законот за личното име, со Предлог закон.

Имено, потребата од донесување на овој закон произлегува од поедноставување на процедурите во рамките на проектот регулаторна гилотина и се предвидува министерот за внатрешни работи да пропише подзаконски акт со кој ќе ја уреди формата и содржината на барањето за промена на лично име.

Следниот закон кој предлагаме да се донесе по итна постапка е Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство.

Имено, овде правиме две усогласувања кои се јавија како неопходност заради промена во други закони. Регулирање на можноста за добивање на отпуст без притоа да се приложи потврда за ослужен воен рок, бидејќи тоа повеќе не постои во нашиот правен систем.

Следниот закон е Законот за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, кој значи прилагодување на новите услови на патиштата и на степенот на техничка усогласеност на возилата кои се возат по патиштата. Се предвидува зголемување на максимално дозволената брзина.

Последниот закон е предлогот за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите чие изменување произлегува од веќе извршените промени во Законот за кривична постапка како дел од определбата на Република Македонија за борба против корупцијата и организираниот криминал, при што се усогласува опфатот на кривични дела кои ги предвидува законот со кривична постапка. Неминовно е да бидат усогласени со текстот на законот за следење на комуникации во смисла на можноста за примена на посебни истражни мерки. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе законот за дополнување на Законот за личното име го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, сите 63 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 63 пратеници, сите 63 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, сите 58 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 58 пратеници, сите 58 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Пред да констатирам молам службите да го утврдт точниот број на присутни на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Во салата се присутни 67 пратеници, полноважно е гласањето

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе законот за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за одбрана.

Со оглед на тоа што претставник на Владата, и покрај навременото известување не е присутен на седницата за да ја образложи итноста на предлогот на законот согласно член 175 став 3 од Деловникот на Собранието Предлогот на законот ќе биде разгледан на една од наредните седници на Собранието.

Според тоа за седницата го предлагам следниот дневен ред:

1.Предлог на закон за аудиовизуелните добра;

2. Предлог на закон за прогласување на локалитетот “Куклица” за споменик на природата;

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование;

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачката дејност;

5. Предлог на закон за престанување на примената на Законот за заштита на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство;

6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита;

7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи;

8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата;

9. Предлог на закон за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Република Португалија по Договорот за Проектот “Акциона програма за унапредување на општините и животната средина” во општините Велес и Штип;

10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данок на додадена вредност;

11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превземање на гаранции по користени кредити од Европската инвестициона банка;

12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за уредување на односите во врска со отплатата на користени кредити од меѓународните финансиски организации;

13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија;

14. Предлог на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по Договорот за заем за реализација на Проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица;

15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за царинска управа;

16. Предлог на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договор за Третиот Програмски заем за развојни политики - ПДПЛ 3;

17. Предлог на закон за дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година;

18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите;

19. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за стокови резерви;

20. Предлог на стратегија за управување со јавниот долг на Република Македонија за периодот од 2008 до 2010 година;

21. Предлог на закон за контрола на опојни droги и психотропни супстанци;

22. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето;

23. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување;

24. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за личните податоци;

25. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за судскиот буџет;

26. Предлог на закон за изменување на Законот за малолетничка правда;

27. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за адвокатура;

28. Предлог на закон за дополнување на воздухопловство;

29. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност;

30. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води;

31. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачката дејност;

32. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации;

33. Предлог на националната стратегија за развој на електронските комуникации за информатичка технологија;

34. Предлог на националната програма за железничка инфраструктура за период 2008-2012 година;

35. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција;

36. Предлогот на законот за дополнување на Законот за личното име;

37. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство во Република Македонија;

38. Предлог на закон за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата;

39. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникации;

40. Предлог на закон за изменување на Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија ;

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Ги повикувам пратениците кои имаат предлози за изменување и дополнување на дневниот ред да се пријават за збор.

Процедурално, веројатно, за збор се јави господинот Тахир Хани.

**Тахир Хани:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Во име на парламентарната група на ДУИ предлагам дневниот ред да претрпи промени. Овие промени се во однос на четири точки на дневниот ред кои ќе треба да преминат на крајот од листата на дневниот ред. Значи точка 6 да биде точка 38 од дневниот ред, точка 8 да биде точка 39, точка 23 да биде точка 40 и точка 35 да биде точка 41 од дневниот ред. Со тоа сите други точки ќе се поместат погоре, во согласност со рапоредот што го имаат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Пред да го ставам на гласање вашиот предлог претходно треба да се утврди дневниот ред.

Инаку вашиот предлог се однесува само на редоследот на точките.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеника. Сите 69 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република

Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(никој)

Дали има некој воздржан?(нема)

Дали има некој против?(нема)

По предложениот дневен ред вкупно гласаа 69 пратеници, сите 69 пратеници гласаа, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложниот дневен ред.

Веројатно господине Тахир Хани имате подршка од 10 пратеници за да се стави вашиот предлог на гласање.

Но, пред да гласаме јас би сакал да ви укажам затоа што вие овие точки ги имате нумерирано, како што кажавт со оглед на днвниот ред кој е од 41 точка. Но, бидејќи нема 41 точка Законот за одбрана е тргнат. Затоа јас пред да го ставам предлогот на гласање , како што е од пратеникот Тахр Хани, точката 6 да биде точка 37, точка 8 да биде точка 38 , точка 23 да биде точка 39 и точКата 35 да биде точка 40.

Овој предлог го ставам на гласање. Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, за гласаа 65, воздржан 1, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(никој)

Дали има некој воздржан?(нема)

Дали има некој против?(нема)

По предлогот од господинот Тахир Хани гласаа 66 пратеници, за гласаа 65, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека е прифатен предлогот на господинот Тахир Хани.

Пред да преминеме по точките од дневниот ред, со измената како што е направена по предлогот на господинот Тахир Хани, ја прекинувам седницата и продолжуваме во 13,00 часот.

Давам пауза од 15 минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,09 часот)

**Трајко Вељаноски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да почнеме да работиме.

Продолжуваме со работа.

Пред да преминеме на расправа по точките од дневниот ред ве потсетувам дека согласно член 80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот.

Листата на пратениците не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието пратеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото на збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, координаторот на пратеничката група и предлагачот може да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

**Минуваме на точка 1 - Предлог на закон за аудиовизуелните добра.**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија и член 11 став 4 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор се јави заменикот министер за култура, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Благодарам претседателе.

Дами и господа пратеници,

Што се однесува до суштината на Законот, главното го кажав кога зборував за итноста на неговото донесување. Само да потсетам дека со овој закон се гради нов систем на заштита на аудиовизуелните добра. Тој систем треба да биде компатибилен со странските искуства и законодавства, но да биде усогласен исто така и со реалноста во нашето општество.

Инаку, само неколку елементи од содржината на законот.

Во него се дефинирани аудиовизуелните добра, тоа се аудиовизуелни дела, значи изворните материјали и тонска копија на играни и други филмови итн. Исто така и придружните материјали како што се сценарија, книга на снимање, сценографии итн.

Друго што би било интересно да се каже е дека со законот се уредуваат условите и начинот на работата на кинотеките. Тука би потсетил дека сега е овозможено формирање на приватни кинотеки. Се даваат основи дејноста за заштита на аудиовизуелните добра да ги вршат кинотеките и Кинотеката на Македонија.

Посебна тематска целина претставуваат прашањата што се однесуваат на достапноста и користење на аудиовизуелните добра. Тука би

напомнал дека секој може, фактички со мали ограничувања да ги користи овие добра што ќе се наоѓаат во Кинотеката на Македонија и во кинотеките.

Со законот, исто така се регулира и водењето евиденција на аудиовизуелните добра и на крајот, се дава основ Националната установа Кинотека на Република Македонија да се именува во Национална установа Кинотека на Македонија, како што беше во 2003 година.

Претседателе, тоа би било накратко, благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени од редот на пратениците и предлагачот за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија и член 11 став 4 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Пред да го ставам Предлогот на закон на гласање, ги повикувам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите утврдуваат точен број на пратеници во салата)

Во салата се присутни 59 пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Во салата влегуваат пратеници)

Во салата има 61 пратеник, сега има повеќе од 61, може полноважно да се гласа.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, сите 62 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 62 пратеници, сите 62 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 11 пратеници, сите 11 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија а кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

На седницата присуствуваат 11 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 11 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за аудиовизуелните добра.

**Минуваме на точка 2 - Предлог на закон за прогласување на локалитетот "Куклица" за споменик на природата.**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Има збор заменикот министер за животна средина, повелете.

**Соња Лепиткова:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, локалитетот "Куклица" се наоѓа на списокот на објекти на природата предложен за заштита на категоријата - Споменици на природата во Просторниот план на Република Македонија.

Локалитетот претставува интересен геоморфолошки објект, природна појава на земјени столбови и се наоѓа на подрачјето на општина Кратово помеѓу селата Кетеново и Шопско Рударе на надморска височина од околу 420 метри.

Согласно член 92 од Законот за заштита на природата, со кој што се регулира постапката за прогласување на заштитени подрачја, спомениците на природата се прогласуваат со закон.

По донесување на Одлуката за прифатливоста на Предлогот за прогласување на локалитетот "Куклица" за заштитено подрачје во категорија на споменик на природа од страна на Владата на Република Македонија, Министерство за животна средина и просторно планирање организираше јавна расправа во општина Кратово. Целта на Предлогот на законот за прогласување на локалитетот "Куклица" за споменик на природата е да се заштитат неговите геоморфолошки особености со што ќе се зголеми списокот на заштитени подрачја во нашата земја со уште еден објект на природата во делот на заштитата на геонаследството.

На крајот, дозволете ми да истакнам дека со прогласувањето на локалитетот "Куклица" за заштитено подрачје во категорија споменик на природата, не само што ќе се зголеми површината на заштитени подрачја во Република

Македонија, туку ќе се исполни обврската што Република Македонија ја има преземено за спроведување на европските директиви и одредбите на меѓународните конвенции и договори за заштита на природата, ратификувани од страна на Собранието на Република Македонија. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Николиќ Мазнева Косана, повелете.

**Косана Николиќ Мазнева:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници,

Би сакала да истакнам дека го поддржувам Предлогот на Владата за донесување закон за прогласување на локалитетот "Куклица" за заштитено подрачје, кое што поради своите природни карактеристики, како и поради своите геоморфолошки специфики конечно го доби заслуженото место во листата на заштитени подрачја и тоа, согласно Законот за заштитата на природата, е ставен во третата категорија за заштитени подрачја споменик на природата.

Сега сосема накратко ќе дозволите да се повикам на членот 76 став 1 од Законот за заштита на природата каде што споменик на природата е дел на природата со една или повеќе природни карактеристики и специфични загрозени или ретки обележја, својства или форми и има посебна научна, културна, воспитно-образовна, духовна, естетска или туристичка функција и вредност.

Особено ме радува исто така што во членот 6 од овој предлог е определен овластен субјект што ќе управува со овој локалитет, а тоа е градоначалникот на општината Кратово во име на општината Кратово, од причина што не е доволно само да се прогласи одреден локалитет за заштитено подрачје, се разбира согласно Закон, туку е многу важно да имаме овластен и тоа особено одговорен субјект кој ќе управува со даден локалитет, со што, согласно Законот за заштита на природата, како и останатите закони што го регулираат ова прашање, ќе биде должен да го чува, да се грижи и да го одржува заштитеното подрачје и навремено, што е најважно, да ги презема сите технички, заштитни и други мерки што се веќе регулирани во членот 7 од овој предлог за донесување на закон.

Исто така, во членот 8 од овој предлог, се разбира по претходно стручно извршено разгледување, востановени се четири зони со точно определени активности. Имаме одредени зони на строга заштита, каде управителот од членот 9 е должен да врши и обезбедува постојан мониторинг и каде врши исклучиво научно-истражувачка активснот.

Во зоната на активното управување, што всушност е регулирано со членот 9, управителот ги врши сите актиности потребни за реставрација, ревитализација или рехабилитација на сите еколошки и други елементи од пределот.

Она што е дозволено во оваа зона е тоа што еко-туризмот овде претставува единствена економска активност, што управителот ја врши во зоната на активното управување.

Во членот 11, каде е регулирана зоната на одржливото користење, каде најчесто се застапени шумските еко-системи управителот, преку посебни или преку воведување на општи планови за стопанисување и заштита на шумите, врши зачувување на биолошката разновидност.

Исто така, во жленот 12 од Предлогот на законот за овој локалитет да биде прогласен за заштитено подрачје - споменик на природата е регулирано дека во заштитниот појас градоначалникот може да спроведува активности за непосредна заштита на зоната на строга заштита, зоната на активното управување и зоната за одржливо користење и при вршење на стопански активности задолжително ги применува мерките за заштита што се утврдени со овој закон.

Почитувани колеги, со донесувањето на овој закон ќе придонесеме да се овозможи многу подобра, многу поцелисходна и многу поефикасна заштита на спомнатиов локалитет, особено тогаш кога ќе биде изготвен планот за управување, менаџмент планот што всушност претставува и обврска од Законот за заштита на природата во надлежност на Урпавата за животна средина при Министерство за животна средина и просторно планирање. Сето ова ќе отвори многу перспективи, особено можности за добивање на финансиски средства или донации што најмногу би се искористиле во развојот, делумно можеби на инфраструктурата, меѓутоа и дел во развојот на еко-туризмот, што всушност, на еден извесен начин ќе отвори можност за подобра живеачка и вработување како на локалното население, така и воспоставување на одредени маркетиншки карактеристики што се значајни за овој објект на природата.

На крајот на краиштата ова е од исклучителна важносот за општината Кратово, како и за промоција на државата во целина. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеника, сите 64 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против, молам да крене рака? (Никој)

По Предлогот на Законот вкупно гласаа 64 пратеници, сите 64 гласаа за, нема воздржани, нема против?

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за прогласување на локалитетот “Куклица” за споменик на природата.

**Минуваме на точката 3. - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Ве известувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Јован Лазарев, Виолета Ташева и Наташа Јаневска, поднесоа амандман на член 38 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Јован Лазарев, Виолета Ташева, Владанка Авировиќ и Наташа Јаневска, поднесоа амандман на член 37 ставови 1 и 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 37 ставови 1 и 2 поднесен од пратениците Јован Лазарев, Виолета Ташева, Владанка Авировиќ и Наташа Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Живко Јанкуловски, вице премиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 38 поднесен од пратениците Јован Лазарев, Виолета Ташева и Наташа Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Живко Јанкуловски, вице премиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот можеме да го прифатиме доколку предлагачите се согласат за преформулација наместо 2009 година да стои 2010 година.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Еден од предлагачите дали се согласува по однос на предлогот од вицепремиерот.

Еве господинот Јован Лазарев, повелете.

**Јован Лазарев:** Се прифаќа оваа измена.

**Трајко Вељаноски:** Констатирам дека е прифатен амандманот онака како што е видоизменет од страна на господинот Живко Јанкуловски, вицепремиер и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Во меѓувреме пратениците Јован Лазарев, и Виолета Ташева поднесоа амандман на член 36 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од пратениците Јован Лазарев и Виолета Ташева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Живко Јанкуловски, вице премиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Како предлагач има збор господинот Живко Јанкуловски, вицепремиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Целта што сакавме да ја постигнеме со овие измени во Законот за високо образование се однесува да се создадат услови за натамошно имплементирање на препораките на Болоњскиот процес и вклучување во изградбата на европскиот простор на високото образование.

Усогласувањето со законодавството и стандардите на земјите членки на Европската унија се однесува, пред се, на студиските програми со задолжително воведување на клиничка настава како и практична настава стимулирање на наставниците што ќе придонесе за продуцирање на квалитетен, современ научно истражувачки кадар во согласност со стандардите воспоставени на универзитетите во земјите членки на Европската унија .

Притоа, почитувани пратеници, веќе во Буџетот на Република Македонија се издвоени неверојатно високи средства, висок процент во Буџетот некаде над 5,2% учествува образованието во делот на Буџетот што можат навистина да им позавидат голем број на земји што овој процент го немаат.

Со предложените измени на членот 99 од постојниот закон за високо образование заради поврзување на теоријата и практиката односно студентите да се здобијат со одредени познавања од практиката поврзана со студиските програми уште во текот на студирањето се нуди законско решение наставата 10% од задолжителните програми и 10%од изборните програми да се изведува преку клиничката настава односно настава изведувана од стручни лица од практиката.

Исто така, се предлага студентот во секоја студиска програма задолжително да посетува практична настава која не може да биде пократка од 30 днеа како еден од условите за запишување

на наредната студиска година така што начинот и условите на клиничката настава како организирање на практичната настава ќе се уреди со Статутот на Универзитетот.

Се предлага примената на овој член да започне од 15.09.2009 година.

Со постојните одредби од Законот за високо образование со кои се регулира наградувањето на наставно научниот кадар на високо образовните установи каде не беше регулирано наградувањето врз основа на објавени научни трудови во престижни, меѓународни списанија со импакт фактор.

Заради стимулирање на наставно научниот кадар, за негово стручно и научно напредување и успешно вклучување во европскиот простор на знаење се предлага на наставник на јавните високо образовни установи кој ќе објави научен или стручен труд во најпрестижните меѓународни списанија со импакт фактор да му се зголемува платата во наредните три години за 20% од платата што ја примал.

Начинот на зголемување на платата ќе го пропише министерот.

Значајна измена во Законот се предлага и по однос на соработничкиот кадар при што заради усогласување со законодавствата и стандардите воспоставени на универзитетите во земјите членки на Европската унија по однос на наставниот кадар се предлага на високо образовните установи да се избира само наставен, а не и соработнички кадар, при што се дава преоден период на постоењето на звањето соработници до 15.09.2013 година односно 15.09.2015 година.

Потребата од усогласување со законодавството на Европската унија во делот на кадарот кој изведува настава на високо образовните установи со овој закон се регулира дека од 2013 односно од 2015 година одредени соработнички звања асистент и помлад асистент да се укинат што предизвика потреба од определени измени и дополнувања на Законот за високо образование. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Јован Лазарев, повелете.

**Јован Лазарев:** Благодарам претседателе.

Ако со донесувањето на Законот за високо образование кој го донесе ова Собрание во оваа година се извршија две главни реформи и тоа на целосна имплементација на Болоњската декларација и интегрирањето на Универзитетот кој треба да заврши до крајот на о.г. со носењето на статутите на универзитетите. Ова е втора значајна реформа која се спроведува и која ќе се спроведе во наредните две години.

Всушност, како што кажа и вицепремиерот се укинуваат соработничките звања односно нема да има понатаму звања помлад асистен и асистент на факултетите, тоа впрочем е така и во сите земји на Европската унија и во Америка и со тоа вршиме усогласување со европското законодавство.

Нивната работа односно нивна замена ќе бидат понатаму студентите на третиот циклус на студии на универзитетите однсоно докторантите или студентите на докторските студии чие примање ќе биде со јавен конкурс.

Тие докторанти ќе поминуваат три години на универзитетот односно факултетот, ќе ја работат својата докторска студија односно докторска теза и истовремено ќе држат вежби на факултетите односно универзитетите. Потоа тие заминуваат во индустријата, стопанството итн.

Изборот на наставни кадри ќе се врши со конкурс, се разбира, од сите потенцијални кандидати кои се во Република Македонија.

Со првичниот Предлог на закон се предвидуваше овој закон да стапи на сила осум дена од неговото објавување во службен весник, но еве денеска слушнавме и видовме со нашите амандмани и со преправениот амандман кој вицепремиерот го кажа всушност примената ќе биде од 15 септември 2010 година.

Да биде јасно за јавноста до 15 септември 2010 година ќе може да се избираат помлади асистенти и асистенти на факултетите, а потоа нема да биде возможно тоа, а за постојните кадри што е исто така многу значајно знаат дека тие што сега се магистри треба да докториртаат и да бидат избрани во наставни звања до 2013 година, а тие што сега не се магистрирани значи да магистрираат и докторираат до 2015 година и се разбира да бидат избрани во научни звања затоа што во спротивно го губат своето работно место.

Друга новина, како што слушнавме, е наградување на професорите. Тоа всушност го направивме и со Законот за основно и средно образование да се избегне онаа урамниловка кога сите професори земаа иста плата, сега истакнатите професори кои ќе објавуваат научни трудови во списанија со таканаречени импакт фактор тоа значи значајни списанија, светски списанија во тој случај за три години ќе им биде покачена платата за 20%.

Има уште една измена која ќе ја прифатиме денеска тоа е само евалуацијата која и во постојниот закон е пропишана, но сега малку поексплицитно е ставено значи студентите ги оценуваат професорите и таа оценка од студентите ќе се земе во предвид при унапредувањето на наставничкиот кадар во повисоки звања.

Се воведува и задолжителна клиничка пракса и тоа се главно новините во овој закон. Имаше еден ситен технички пропуст, но го исправивме со нашиот амандман.

Сега, да не ја повторувам мојата дискусија и за следниот закон за научно истражувачка дејност истите измени се предложени и таму заради усогласување на наставничките и научните звања во високото образование и во Законот за научно истражувачката дејност.

Примената на законите да биде идентична, затоа и таму имаме предложено амандмани, се надевам дека претставникот на Владата ќе ги прифати. Благодара за вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Повеќе како дополнување.

Би сакал да дополнам одредени работи кои ги кажа колегата Јован Лазарев. Тој кажа извонредно значајни работи, но би сакал да потенцирам две работи.

Првата е дека моделот кој го воведуваме со овој закон, ова се вонредно значајни измени на Законот за високо образование, е модел кој согласно стандардите на Европската унија, но уште повеќе модел кој долги години се применува на универзитетите на САД и кој даде вонредно значајни резултати.

Имено, според различни ранг листи на универзитетите не можете да најдете во првите 30 или 40 ниту еден европски универзитет така што првите 30 или 40 места во различни области ги опфаќаат универзитетите во Америка.

Една од основните причини секако не и единствена е тоа што функционираат на овој начин односно професорите директно комуницираат со студентите, директно ја изведуваат и теоретската, но и практичната настава и уште повеќе се присутните на тн., вежби така што имаат дневна комуникација со студентите и добиваат поголеми знаења.

Второ, оној тн., соработнички персонал кој практично им помагаше на професорите до сега во вид на демонстратори, помлади асистенти, асистенти и доценти успеа да создаде еден систем во македонските универзитети, можеби ќе употребам претежок збор, но систем на бирократизиран наставнички кадар односно на бирократизирани професори чија единствена обврска до сега беше делумно да ги изведуваат предавањата и делумно да ги изведуваат испитите.

Можеби со ова нема да се согласат голем дел од професорите на универзитетите, можеби ќе се најдат погодени, но факт е дека до сега беше така.

Измените во законот помеѓу другото ќе овозможат секојдневна комуникација на професорите со студентите.

Исто така согласно одредбите кои се во законот кандидатите за докторат кај менторот кој е нивен професор ќе ги изведуваат дополнителните активности односно ќе работат заедно со студентите со што ќе ги приближат студентите.

Уште две вонредно значајни работи:

Првата е дека професорите ќе се оценуваат од страна на студентите, што е пракса на американските универзитети секоја година, се бира најдобар професор на крајот на годината според оценките од студентите кој наредната година е најбараниот професор и професор кој добива најмногу од она што се вика условно кажано привилегии на универзитетот.

Втората работа дека воведуваме практична настава минимум 10% од наставата која нема да не доведува воситуација да имаме студенти да речеме правници кои завршиле Правен факултет, а не знаат една жалба да поднесат до основен суд.

На крајот да завршам добро е што дадовме време со измените за две години да се зголемат овие рокови кои беа воведени за да можат постојните асистенти односно соработнички кадар да се прилагодат на новите барања на законот. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеника, за гласаа 65, воздржан 1, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против, молам да крене рака? (Никој)

По Предлогот на Законот вкупно гласаа 66 пратеника, од нив 65 гласаа за, еден воздржан, нема против?

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 14 пратеника, сите 14 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот молам да крене рака? (Никој)

Дали има воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

На седницата присуствуваат 14 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Вкупно гласаа 14 пратеници. Од нив за Предлогот на законот гласаа 14 пратеници, од гласањето не се воздржа никој и не гласаше никој против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование.

**Минуваме на точката 4 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачката дејност.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните рпатеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Јован Лазарев, Виолета Ташева и Наташа Јаневска, поднесоа амандман на член 20 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Јован Лазарев, Виолета Ташева и Владанка Авировиќ поднесоа амандман на член 19 ставови 1 и 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 19 ставови 1 и 2 поднесен од Јован Лазарев, Виолета Ташева и Владанка Авировиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Живко Јанкулоски, вице премиер.

**Живко Јанкулоски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 20, поднесен од пратениците Јован Лазарев, Виолета Ташева и Наташа Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Живко Јанкулоски, вице премиер.

**Живко Јанкулоски:** Амандманот можеме да го прифатиме до колку предлагачот се согласи да го преформулира амандманот, наместо “2009”, да гласи “2010” година.

**Трајко Вељаноски:** Молам еден од предлагачите да се произнесе за преформулацијата.

Има збор господинот Јован Лазарев.

**Јован Лазарев:** Овој амандман е идентичен како амандманот за високото образование, бидејки таму го прифативме и да бидат усогласени Законот за високо образование и Законот за научно истражувачка дејност, ја прифаќаме оваа измена од вице премиерот.

**Трајко Вељаноски:** Констатирам дека амандманот е прифатен видоизменет како што е предложен од претставникот на Владата и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по тесктот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по претресот по тексто тна Предлогот на законот да се пријават за збор.

Има збор Живко Јанкулоски.

**Живко Јанкулоски:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници, како и при измените на Законот за високо образование така и овде за измени и дополнување на Законот за научно истражувачка дејност со постојните одредби од овој Закон се регулира наградувањето на кадарот во јавните научни установи кое не беше регулирано до сега врз основа на објавени научни и стручни трудови во престижните меѓународни списанија со импакт фактор. Кадарот кој ќе објави научен и стручен труд во престижни меѓународни списанија со импак фактор ќе им се зголеми платата во висина од 20% во наредните 3 години. Тоа е едната измена.

Втората е потребата од усогласување со законодавството на ЕУ на кадарот кој изведува истражувачка и научна работа во јавните научни установи. Со овој закон се регулира од 2013, односно од 2015 година. Како и со работничките звања асистент истражувач и помлад асистент истражувач се укинуваат, со тоа што ние веќе сега со прифаќањето на амандманот дадовме преодни можности за да останат уште,односно да бидат присутни уште две години. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници. Од нив 62 гласаа за, 1 воздржан, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака. (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 63 пратеници.Од нив 62 гласаа за, 1 воздржан, против нема.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да лгасаме.

Вкупно гласаа 14 пратеници. Сите 14 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, а кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

На седницата присуствуваат 14 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 14,нема впздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачката дејност.

**Минуваме на точката 5 - Предлог на закон за престанување на примената на Законот за заштита на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејки нема пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, сите 62 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 62 пратеника. Сите 62 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за престанување на примената на Законот за заштита на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство.

**Минуваме на точката 6 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеника, сите 63 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 63 пратеника, сите 63 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи.

Ја прекинувам седницата.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,45 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точка 7 - Предлог на закон за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Република Португалија по Договорот за Проектот “Акциона програма за унапредување на општините и животната средина” во општините Велес и Штип.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Има збор министерот за финансии, повелете министре.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Станува збор за закон за задолжување на Република Македонија кој што е донесен и стапил

во сила во 2001 година по претходно потпишан договор за кредит меѓу Република Португалија и Република Македонија. Крајни корисници на овој кредит требало да бидат две претпријатија Јавното комунално претпријатие Дервен од Велес и Јавното претпријатие Исар од Штип.

Сепак и покрај тоа што кредитот бил ефективен од 2001 година никогаш не е искористен од повеќе причини меѓудругото избор на португалска компанија Мота за изведувач кој што бил извршен без согласност на македонската страна спротивно на одредбите на Договорот за кредит. Понатаму некои технички недостатоци на прелимиралните проекти за пречистителни станици и колектори итн, како и недостиг на финансиски средства за комплетна изградба на капацитетите за третман за отпадни води.

Владата на Република Македонија уште во 2005 година во тогашниот состав разгледала информација за проблемите поврзани со отпочнување на користењето на кредитот од Португалската Влада за реализација на овој проект и заклучува дека општините Велес и Штип не се подготвени за користење на заемот под услови на начин уредени со договорот за кредит. Согласно одредбите од договорот за кредит Министерството за финансии на Република Македонија ја извести португалската стана дека за искористување на средствата наменети за овој проект нема да дојде од наведените причини. Официјална потврда за откажување на кредитот наменет за реализација на проектот за Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во општините Велес и Штип од Министерството за финансии на Република Португалија е добиена на 17.01.2008 година. Со оглед на ова и покрај тоа што Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Република Португалија по Договорот за Проектот “Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во општините Велес и Штип е формално правно важечки, тој не предизвикува никакво правно дејство во вид на права и обврски бидејќи истото е условено од постоење на договор за кредит кој во меѓувреме е официјално откажан. Оттаму горенаведениот закон нема материјална основаност. Сакам да нагласам дека со донесувањето по итна постпака на Предлогот на законот за престанок на важноста на Законот за овој кредит нема да предизвика никакви фискални импликации.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлгот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, сите 64 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 64 пратеници, сите 64 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе закон за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Република Португалија по Договорот за Проектот “Акциона програма за унапредување на општините и животната средина” во општините Велес и Штип.

**Минуваме на точка 8 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данок на додадена вредност.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Со измените и дополнувањето на Законот за данокот за додадена вредност Владата предлага стапката на оданочување на услугата опремување на отпад, собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад кој што во моментот изнесува 18% да се намали на 5%. Имено сакам да ги потсетам почитуваните пратеници дека со воведување на ДДВ како систем во Република Македонија во април 2000-та година ставката за овој вид на комунални услуги на ДДВ изнесуваше 5%. Јавните комунални претпријатија во тој период иако има просечна наплата за своите услуги околу 75% не се среќаваат со некои поизразени финансиски тешкотии. Со измените на Законот за ДДВ од 1 април 2003 година стапката на ДДВ за прометот на опремување на отпад и услуги и за одржување на јавната чистота беше зголемена од 5 на 18%. Значи овој вид на услуги се поскапеа за граѓаните иако можеби коралацијата, врската не е најдиректна но тоа се одрази на билансите или финансиските резултати на јавните комунални претпријатија кои во меѓувреме започнаа да трупаат загуби, да имаат се поголем обем на обврски кон неплатен ДДВ. Во меѓувреме од страна на Европската комисија донесена е една директива, еден анекс 3 кој е составен дел од директива 2006112ЕЗ на Советот од 28 ноември 2006 година за заеднички систем на ДДВ. Република Македонија го хармонизира законот за ДДВ со ова законодавство, со овие директиви, а таму се дава можност повластена даночна стапка да се применува со прометот за услуги и одржување на јавна чистота и опремување на отпад. Значи, предлогот е намалување на

стапката на ДДВ од 18 на 5% за овој тип на услуги со што се очекува со овој тип на услуги да поефтинат за граѓаните и ова да се одрази позитивно на финансиските резултати на јавните комунални претпријатија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлгот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, 62 гласаа за, воздржан 1, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 63 пратеници, 62 гласаа за, воздржан 1, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност.

**Минуваме на точка 9 - Предлог на закон за изменување на Законот за превземање на гаранции по користени кредити од Европската инвестициона банка.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

За овој и за законот од наредната точка јас накратко ќе го дадам образложението во оваа пригода затоа што ќе биде исто за двата закони.

Имено, Република Македонија има добра репутација за редовно сервисирање на обврските во однос на надворешниот долг. Овде станува збор за кредити од поранешна Југославија и кредити кон Европската инвестициона банка кои што во времето на потпишување на договорите и ратификацијата на Собранието на тие договори за заем се сервисирале со помош на една од комерцијалните банки во Република Македонија односно Стопанска банка за што се плаќа за секоја трансакција провизија од 0,2%. Во овој момент Министерството за финансии располага со капацитет за промена на начинот на сервисирање кој би довел до заштеда на средства. Имено, тоа се предлага со овој закон сега Министерството за финансии со помош на Народна банка ќе го сервисира долгот и максималниот износ за секоја трансакција што се плаќа на име на провизија на Народна банка изнесува 5 илјада денари. Значи ќе се обезбеди заштита на средства. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:**

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлгот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, сите 63 гласаа за, нема воздржани , нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 63 пратеници, сите 63 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за превземање на гаранции по користени кредити од Европската инвестициона банка.

**Минуваме на точка 10 - Предлог на закон за изменување на Законот за уредување на односите во врска со одплатата на користени кредити од меѓународните финансиски организации.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлгот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, сите 62 гласаа за, нема воздржани , нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 62 пратеника, сите 62 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за уредување на односите во врска со одплатата на користени

кредити од меѓународните финансиски организации.

**Минуваме на точка 11 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците и предлагачот кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

За донесување на Законот за ревизија од 2005 година Република Македонија има систем за воспоставување на ревизија која што е адекватна со таа во напредните земји. Сега со овој предлог заради зголемување на ефикасноста во спроведување на законските одредби за вршење на ревизија се предлага усогласување со Законот за прекршоци во поглед на соодветната висина на глобата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлгот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеника, сите 63 гласаа за, нема воздржани , нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 63 пратеника, сите 63 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија.

**Минуваме на точка 12 - Предлог на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по договор за заем за реализација на проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците и предлагачот кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Се работи за техничко усогласување на датуми. Сосема накратко ќе објаснам за тука присутните и за јавноста.

2003 година е склучен договор за заем меѓу Владата на Република Македонија и Јапонската банка за меѓународна соработка за финансирање на изградбата на хидросистемот “Злетовица”. Истата година исто така е ратификуван договорот за заем или спогодбата за заем од страна на македонскиот парламент и постои неусогласеност меѓу овие два документи за датумот за отпочнување на сервисирање на долгот. Сега со измена на законот датумот кој што фигурира во законот, а е различен од оној во договорот го усогласуваме со тој во договорот да може да започне кон крајот на оваа година исплатата на кредитот за финасирање на изградбата за хидросистемот “Злетовица”. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од нив 63 гласаа за,еден воздржан , против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?

(Нема никој.)

Дали има некој воздржан?

(Нема.)

Дали има некој против?

(Нема.)

По Предлогот на законот гласаа вкупно 64 пратеници, од нив 63 гласаа за,еден воздржан , против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по Договорот за заем за реализација на проектот на Проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица.

**Тринаесетта точка - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за царинска управа.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Го повикувам пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавено за збор констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, од нив 60 гласаа за,еден воздржан , против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?

(Нема никој.)

Дали има некој воздржан?

(Нема.)

Дали има некој против?

(Нема.)

По Предлогот на законот гласаа вкупно 61 пратеник, од нив 60 гласаа за, еден воздржан, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за царинска управа.

**Четиринаеста точка - Предлог на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договор за Третиот програмски заем за развојни политики - ПДЛП 3.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците и предлагачот кои сакаат да говорат во претресот по текстот по Предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор се јави министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Третиот програмски заем за развојни политики или ПДПЛ 3 е дел од Стратегијата за партнерство меѓу Република Македонија и Светска Банка за периодот 2007-2010 година. Овој заем е последен од серијата на трите програмски заеми предвидени со програмата на ПДПЛ 3 аранажманот на Република Македонија и Светска банка.

ПДПЛ 3 аранжамнот претставува инструмент за подршка на економската политика и структурните реформи на Република Македонија кои Република Македонија ги презема во насока на зајакнување на економскиот раст и развој со соодеветна подготовка на земјата за членство во Европската унија.

Целта на овој проект е промовирање на економскиот раст и создавање на нови работни места во Република Македонија преку подобрување на инвестициската клима и зајакнување на управувањето и ефикасноста на јавниот сектор.

Третиот програмски заем за развојни политики ПДЛП 3 е во износ од 16,7 милиони евра кој во себе вклучува листа на реформски области и практично лежи на два основни столба.

Првиот столб подобрување на инвестициската клима во земјата преку реформи во судството, реформи на пазарот на работна сила, зајакнување на финансиското посредување и супер визија и зглоемување на конкуретноста на деловниот сектор.

Вториот столб се однесува на зајакнување на управувањето со јавниот сектор преку реформа на јавната администрација, реформи во здравствениот сектор и процесот на децентрализација.

Почитувани пратеници сакам да нагласам дека уште пред одобрување на заемот од страна на Бордот на извршни директори на Меѓународната банка за обнова и развој Република Македонија исполни повеќе клучни услови. Јас само неколку од нив ќе спомнам.

На пример, услов е судки деловник базиран на мислењето на Врховниот суд.

Републичкиот судски совет, Министерството за правда и Врховниот суд започнаа да ги имплементираат плановите за рационалозација и реорганизација на судовите, вклучувајќи и кадровско екипирање на посебните одделенија во прв степен и судовите со проширена надлежност.

Понатаму, донесени се пакет закони кои што се усогласени со новиот Законот за прекршоци и тоа Царинскиот закон, Законот за персонален данок на доход, Законот за данок на добивка, Законот за данок на додадена вредност, Законот за безбедност во сообраќајот и на патиштата и Законо за јавен ред и мир.

По основа на Управниот суд, кој што е целосно кадровски екипиран со судии и помошен персонал и ја отпочна својата активност.

Востановен е единствен национален електронски регистер на регулативи, усвоени се соодветни механизми за имплементација на оценката за таканареченото влијание на регулативата врз деловната клима и спроведен е меѓународен тендер во согласнот со акциониот план на Фондот за здравствано осигурување донесен од страна на Владата на сите лекови од позитивната листа.

Неколку збора за условите под кои Република Македонија се задолжува соовој заем.

По одобрувањето на заемот од страна на Бордот на извршни директори на Меѓународната банка за обнова и развој на 13-ти мај 2008 година и по извршените преговори по нацртот на договорот, нацрт текстот на договорот за заем двете страни односно Министерство за финансии во име на Република Македонија и Светска банка се договорија заемот во износ од 16,7 милиони евра еквивалент на 25 милиони американски долари да се даде под следните услови.

Рок на отплата на заемот е 17 години вклучувајќи грејс период од 5 години при што отплатата ќе

биде на 24 полугодишни рати, почнувајќи од 15 август 2013 заклучно со 15 февруари 2025 година.

Каматната стапка е либор за евро валута намалена за 0,06 %.

Финансиските услови под кои ќе биде доделен овој заем предвидуваат и можност за конверзија на валутата и каматната стапка односно премин кон фиксна каматна стапка за време на периодот на отплата на заемот.

Доколку Република Македонија во иднина се одлучи да го искористи правото на конверзија на валутата или каматната стапка ќе треба да плати одредени трошоци како привизија.

Согласно прописите на Меѓународната банка за обнова и развој Република Македонија како заемо барател има обврска да и плати на банката еднократна привизија. Тоа е трошок во износ од 25 процентни поени од износот на заемот.

Средставта од третиот програмски заем за развојни политики ќе бидат искористени за финасирање на расходите во Буџетот на Република Македонија или за отплата на јавниот надворешен долг. Истите ќе можат да се повлечат наеднаш, во една транша по потишување на Договорот за третиот програмски заем за развојни политики.

Овој заем ќе се отплаќа со средства што ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од нив 64 гласаа за, нема воздржан , против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за ппредлогот молам да крене рака?

(Нема никој).

Дали има некој воздржан?

(Нема .)

Дали има некој против?

(Нема )

По Предлогот на законот гласаа вкупно 64 пратеници, од нив сите 64 гласаа за,нема воздржан , против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договор за Третиот програмски заем за развојни политики - ПДЛП 3.

**Минуваме на точка 15 - Предлог на закон за дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Го повикувам пратениците и предлагачот, кои сакаат да говорат по претресот по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Има збор министерот за финанасии.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Целта на измената на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година и Законот за Буџетите, тоа е наредната точка е да се обезбеди поголема независност, вклучително и финансиска независност на регулаторните тела во Република Македонија, како што е Регулаторната комисија за енергатика, Агенцијата за електронски комуникации, МАПАС, тоа е Агенцијата за капитално финансирано пензиско осигурување и други.

Имено, со овој Предлог Министерството за финансии предлага односно Владата на Република Македонија предлага измена на членот 51 од Законот за буџетите и на членот 20 од Законот за извршување на Буџетот за 2008 година кој одредби се однесуваат на постапката за нови вработуваања. Значи со цело почитување на насоките и препораките на Европската унија се пристапи кон унапредување на финансиската независност на независните регулаторни тела со јавни овластувања утврдени со закон на начин што со измената на спомнатите одредби од наведените закони независните регулаторни тела се ослободуваат од обврската да бараат согласност за обезбедени финансиски средства за нови вработувања. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, сите 61 гласаа за, нема воздржани , против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?

(Нема никој.)

Дали има некој воздржан?

(Нема .)

Дали има некој против?

(Нема.)

По Предлогот на законот гласаа вкупно 61 пратеник, од нив сите 61 гласаа за, нема воздржан , против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

**Минуваме на шеснаеста точка - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Буџетите.**

Предлогот ви е доставен.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците и предлагачот кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеник, сите 63 гласаа за, нема воздржани , против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?

(Нема никој.)

Дали има некој воздржан?

(Нема.)

Дали има некој против?

(Нема.)

По Предлогот на законот гласаа вкупно 63 пратеника, сите 63 гласаа за, нема воздржани , против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменувања и дополнување на Законот за буџетите.

**Минуваме на седумнаеста точка - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за сотковни резерви.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Илија Димовски поднесе амандманот на член 4 по кој Владата не се произнела.

Отварам претрес по амандманот на член 4 поднесен од пратеникот Илија Димовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Амандманот се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците и предлагачот кои сакаат да говорат по претресот по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, сите 62 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 62 пратеници, сите 62 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за стоковни резерви.

**Минуваме на точка 18 - Предлог на стратегија за управување со јавниот долг на Република Македонија за периодот од 2008 до 2010 година.**

Предлогот на Стратегијата Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Стратегијата.

Ги повикувам пратениците и предлагачот кои сакаат да говорат по претресот на текстот на Предлогот на Стратегијата да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Владата на Република Македонија по трет пат доставува документ Стратегија за управување со јавен долг на Република Македонија на среден рок.

Според член 7 од Законот за јавен долг, Стратегија за управување со јавен долг ја утврдува висината на јавниот долг и на државните гаранции во однос на Бруто домашниот производ, како и каматната и валутната структура на вкупниот јавен долг.

Основни принципи што се земаат во вид при управувањето со портфолиото на јавниот долг, а со тоа и при изготвувањето и спроведувањето на Стратегија за управување со јавен долг се следните:

1. Утврдување на оптимална структура на должничкото портфолио и нејзино усогласување со макро-економската политика на државата;

2. Усогласување на трошоците на должничкото портфолио со трошоците утврдени во државниот Буџет за секоја година поединечно и на среден рок и

3. Лимитирање и елиминирање на влијанието на финансиските ризици врз одржливоста на јавниот долг на среден и на долг рок.

Во првиот дел од Стратегијата се дава осврт и проекција за движењата на меѓународниот пазар, макроекономските движења и фискалната среднорочна рамка во Република Македонија, како и проекција за движењето на јавниот долг во наредните три години.

За прв пат оваа година во Стратегијата се даваат согледувања за меѓународните опкружувања и влијанието на меѓународниот пазар на пари и капитал врз портфолиото на јавен долг во Република Македонија.

Вториот дел од Стратегијата ги опфаќа целите за движење на портфолиото на вкупниот јавен долг, како и мерките што ќе бидат преземени во наредниот период за спроведување на Стратегијата односно за реализирање на дефинираните цели.

Целите прикажани во Стратегијата се конзистентни со Програмата на Владата на Република Македонија, како и државниот долг т.е. долгот на општата влада не смее да надминува 35% од бруто домашниот производ.

Примарна цел на управување со јавниот долг е подобрување на валутната структура на портфолиото на јавниот долг со цел зголемување на учеството на евро-долгот како и на долгот во домашна валута во вкупниот јавен долг. Постигнувањето на овие цели овозможува намалување на ризиците со истовремено постигнување на најнизок трошок за сервисирање на јавниот долг.

Од ова произлегуваат следните примарни цели:

- Учество на евро-долгот во вкупниот надворешен долг да биде во распон од 67-70%, со максимално дозволено отстапување од плус-минус три процентни поени и

- Постепено зголемување на учествоато на долгот во денари во вкупниот јавен долг и негово движење во распон од 9 до 18%, со максимално дозволено отстапување од плус-минус два процентни поени.

Во рамките на останатите цели, согласно Законот за јавен долг, се дефинирани неколку среднорочни цели, но и цели што се однесуваат само за 2008 година.

Во однос на висината на јавниот долг, целта на оваа стратегија за управување со јавниот долг е одржување на одредено ниво на јавниот долг и лимитирање на нивото на издадени државни гаранции.

Целите што се однесуваат само за наредната година и што се во согласност со среднорочните цели се:

- новите задолжувања, односно вредноста на потпишаните договори во 2008 година се планира максимално да изнесува 530 милиони евра и

- во текот на 2008 година Република Македонија да издаде државни гаранции најмногу во вредност од 150 милиони евра. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата за пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на Стратегијата е завршен.

Предлогот на Стратегијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, од нив за гласаа 64 пратеници, воздржани нема, 1 против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на Стратегијата со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на Стратегијата вкупно гласаа 65 пратеници, од нив 64 гласаа за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Стратегијата за управување со јавниот долг на Република Македонија за периодот од 2008 до 2010 година.

**Минуваме на точка 19 - Предлог на закон за контрола на опојни droги и психотропни супстанции.**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Марија Андоновска, Александар Николоски, Панче Дамески, Косана Николиќ-Мазнева и Катерина Димеска поднесоа амандман на член 45 ставови 1 и 2 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Владо Стефаноски и Живко Пејковски поднесоа амандман на член 9 став 1 точка 4 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 точка 4 поднесен од пратениците Владо Стефаноски и Живко Пејковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 45 ставови 1 и 2 поднесен од пратениците Марија Андоновска, Александар Николоски, Панче Дамески, Косана Николиќ-Мазнева и Катерина Димеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам претседателе.

Амандманот, ако се согласи предлагачот, би го прифатиле само во делот на член 2, поточно не во членот 1. Што знажи ако со таа измена се согласи предлагачот, можеме да го прифатиме.

**Трајко Вељаноски:** Како е измената?

**Владимир Лазаревиќ:** Во членот 45, во ставовите 1 и 2, во ставот 1 не е прифатлив, а во ставот 2 е прифатлив, за лична употреба, ако се согласи предлагачот да се брише ставот 1, да остане само ставот 2.

**Трајко Вељаноски:** Има збор госпоѓица Андоновска Марија, да се произнесе во име на предлагачот.

**Марија Андоновска:** Благодарам претседателе.

Од името на предлагачите на амандманот сакам да ве известам дека се согласуваме со предложените измени од страна на заменикот министер. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Констатирам дека е прифатен амандманот во делот на ставот 2, а во ставот 1 не, што од страна на предлагачите е повлечен. Амандманот во ставот 2 станува составен дел на текстот на Предлгот на законот.

Во меѓувреме пратеникот Васко Шутаров поднесе амандман на член 9 став 6 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 6 поднесен од пратеникот Васко Шутаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам, амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се јави господин Шутаров Васко, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван господине претседател.

Мојот амандман се однесуваше на член 9, регионални единици за спроведување на активности за спречување и сузбивање на злоупотребата на опојни дроги и психотропни супстанции, во ставот 6 - Југоисточен регион, по зборовите “Гевгелија, Струмица” да се додаде зборот “општина Богданци”, па Дојран, Валандово и Радовиш.

Го повлекувам амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците и предлагачот кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави заменикот министер за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници,

Накратко би сакал да ви ги образложам целите и содржината на законот што денеска се наоѓа пред нас за контрола на опојните дроги и психотропните супстанции.

Со овој закон се утврдува системот за следење и контрола на производството и прометот на опојните дроги, пред се со цел за спречување на нивната злоупотреба, како и заштита на системот за заштита на животот и здравјето на луѓето и животната средина.

Преку донесувањето на овој закон ќе се постигне усогласување со новото законодавство на Обединетите нации. Дополнително ќе се утврдат овластувањата и задачите на сите државни органи надлежни за контролата на производството и прометот на опојни дроги и психотропни супстанции, потоа мерки за превентива и употреба или злоупотреба на опојните дроги и прихотропни супстанции, за лекување, рехабилитација и социјална реинтеграција на лицата зависници од опојните дроги и психотропни супстанции.

Дополнително во законот се дефинира и класификацијата на супстанции и растениија што влегуваат во групата на опојни дроги и психотропни супстанции од кои што може да се добие опојна дрога.

Тоа што е исто така битно е дека преку овој закон ќе се овозможи преземање на истражни мерки од страна на Министерството за внатрешни работи, Царинската управа, Јавното обвинителство, пред се со цел да се спречи организиран криминал и пренасочување на лековите што во себе содржат контролирани супстанции од легални во нелегални канали.

Помеѓу целите што очекуваме дека овој закон ќе ги постигне со неговата примена, ќе се постигне дефинитивно превенција на злоупотреба на дрогата преку зголемување на свесноста, информираноста, едукацијата и преземање на конкретни мерки и активности од сите инволвирани институции, потоа развивање и имплементирање во пракса на стандардите и нормите што се карактеристични за Обединетите нации во превенирање на криминалните активности поврзани со дрога. Дополнително ќе се воспостави корпоративна стратегија на национално, регионално и локално ниво во активностите што вклучуваат намалување во побарувачката и намалување на снабдувањето со дрога. Потоа идентификување и применување на добри пракси на сите полиња во намалувањето на снабдувањето со дрога, независно дали се работи на ниво на индивидуа, семејство, училиште, заедница или општеството во целина. Потоа, ќе се овозможи следење и евалуирање на податоците на трите основни полиња на делување, поточно на здравственото поле во кои

се опфатени пет основни епидемиолошки здравствени индикатори, потоа полициските и царинските податоци, како и индикаторите за дрога.

Конечно, очекуваме дека на овој начин ќе ја зголемиме меѓународната соработка во активностите насочени кон спречување на организираниот криминал поврзан со дрога. Во овој дел и онака имаме успеси, очекуваме дека тие ќе се зголемат со примената на овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Гинев Јован, повелете.

**Јован Гинев:** Благодарам претседателе.

Почитувани членови на Влада, почитувани колеги, колешки, пратеници,

Денеска на дневен ред е уште еден закон со предзнак на Европската унија и тоа е Предлог за донесување на закон за контрола на опојните droги и други прихотропни супстанции, со Предлог на закон.

Овој предлог на закон содржи 101 член поместени во осум глави и регулира една многу чувствителна материја како што се: опојните droги и прихотропните супстанции.

Познато е дека опојните droги и прихотропните супстанции се користат во определени дози за хумани цели во некои гранки на медицината, на пример во анестезиологијата, при различни оперативни интервенции како и аналгетски и седативни средства во терминалните стадиуми на малигните заболувања, исто така и во научни лаборатории при експериментирање на животни. Замислете, ако дојде до нивна злоупотреба, опојните droги и прихотропните супстанции доведуваат до зависност кај личноста, создавање на лажен свет и илузии, како и потреба од зголемување на дозите, па и потреба од промена на опојните droги од послаби кон појаки, се со цел да се задоволат потребите на корисниците, што води до тотална деградација на личноста со психосоцијални, економски и медицински проблеми на семејството, па и пошироко на општеството. Најчесто, корисниците на опојните droги и прихотропни супстанции, сите знаеме, завршуваат со фатален крај. Еве уште една причина да се донесе овој закон што го регулира производството и прометот на опојните droги и прихотропни супстанции.

Оваа материја, досега во Република Македонија ја регулираа два одделни закони. Едниот го регулира производството, а вториот прометот на опојните droги и прихотропни супстанции.

Овој предлог за донесување на закон го уредува системот за следење и контрола на производството и прометот на опојните droги и прихотропни супстанции се со цел за спречување на нивната злоупотреба, како и заради заштита на животот и здравјето на луѓето и животната средина.

Со неговото донесување ќе се постигне усогласување на законот со новото законодавство на Обединетите нации, со што се овозможува преземање на истражни мерки од страна на Министерството за внатрешни работи, Царинската управа и Јавното обвинителство, со цел спречување на организиран криминал и пренасочување на лекови што во себе содржат контролирани супстанци од легални во нелегални канали.

Со овој закон се уредуваат овластувањата и задачите на државните органи надлежни за контрола на производство и промет на опојни droги и прихотропни супстанции. Законот го регулира лекувањето, рехабилитацијата и социјалната реинтеграција на лица зависни од дрога и прихотропни супстанции. Со овој закон е опфатен надзорот над одгледување на растенијата од кои може да се добие опојна дрога, како што е афионот.

Целта на овој закон е превенција на злоупотреба на дрогата преку зголемување на информираноста преку дистрибуција на брошури за штетното дејство на опојните droги и прихотропни супстанции, преку едукација во училиштата како и преземање на конкретни мерки, развивање и имплементирање во пракса на стандардите и нормите на Обединетите нации во превенирање на криминалните активности поврзани со дрога.

Откривањето и применувањето на добрата пракса на сите полиња на намалување на снабдување со дрога независно дали се работи за нива, на индивидуа, семејство, училиште, заедница или општеството како целина.

Воспоставувањето на стратегијата на национално и локално ниво преку кое вклучува намалување на побарувачката и намалување на снабдување со дрога, како и зголемување на меѓународната соработка во активности кои се насочени кон спречување на организираниот криминал поврзан со дрогата.

Овој закон е реформски закон кој регулира сеопфатно една осетлива материја како што е опојната дрога и психотропните супстанци, нивното производство и промет.

Затоа, јас ќе гласам за него, а ги замолувам и колегите пратеници да гласаат за што поскоро да го усвоиме овој многу значаен закон.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Владо Стефановски, повелете.

**Владо Стефановски:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани претставнци на Владата, почитувани колеги пратеници,

Би сакал да се придружам кон пофалбите на носењето на еден ваков закон кој беше нужен во овој период во Република Македонија да се донесе не само за тоа што до сега оваа материја беше регулирана со закони од кои еден е донесен во 1983 година тоа е Законот за производство на опојни droги и Законот за промет на опојни droги од 1991 година. Не само за тоа што овој закон кој го носиме денеска е со европски предзнак значи,

заради усогласување со европското законодавство, не само затоа што претставува усогласување со конвенциите на ООН од 1961, 1972 и 1988 година, туку многу повеќе, бидејќи сеопфатно на едно место се регулира една многу чувствителна материја со еден меѓуресорски, мултидисциплинарен пристап.

Јa пофалувам заложбата на Министерството за здравство и соработката со сите останати министерства инволвирани во овој процес како што се Министерството за правда, Министерство за внатрешни работи, Министерство за надворешни работи, Царинската управа, Министерството за труд и социјална политика и останатите кои и при изработката на Законот, а се надевам и при имплементацијата ќе покажат дека само со еден ваков заеднички меѓуресорски пристап е можно дас направиме значајни исчекори во борба против ова зло на денешницата.

Значи, ќе гласам за овој закон и ја поздравувам изработката на еден ваков современ европски закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеника, сите 57 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против, молам да крене рака? (Никој)

По Предлогот на Законот вкупно гласаа 57 пратеника, сите 57 гласаа за, нема воздржани, нема против?

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанци

**Минуваме на точката 20. - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Марија Андоновска, Александар Николовски, Панче Дамески, Косана Николиќ Мазнева и Катерина Димеска поднесоа амандман на член 4 став 3 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Ивица Георгиевски, Панче Дамески, Цветан Трипуновски, Катерина Димеска, Лилјана Затуроска, Дарка Петрушеска, Саве Савески и Наташа Јаневска поднесоа амандмани на член 2 за додавање нов став 2 и за менување на член 9 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нов став 2 поднесен од пратениците Ивица Георгиевски, Панче Дамески, Цветан Трипуновски, Катерина Димеска, Лилјана Затуроска, Дарка Петрушеска, Саве Савески и Наташа Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 3 поднесен од пратениците Марија Андоновска, Александар Николовски, Панче Дамески, Косана Николиќ Мазнева и Катерина Димеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Владимир Лазаревик заменик министер за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се јави госпоѓица Марија Андоновска, повелете.

**Марија Андоновска:** Благодарам претседателе.

Од името на предлагачите го повлекувам амандманот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека е повлечен амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 9 поднесен од пратениците Ивица Георгиевски, Панче Дамески, Цветан Трипуновски, Катерина Димеска, Лилјана Затуроска, Дарка Петрушеска, Саве Савески и Наташа Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците и предлагачот кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Има збор предлагачот заменикот министер за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Накратко би сакал да кажам неколку збора кои се поврзани со целите на овој закон.

Како што е веќе познато во Република Македонија и не само во Република Македонија, туку во голем број други земји од Европа исклучително се зголемени заболувањата кои се поврзани директно како причини поврзани со пушењето и штетното влијание на цигарите. Зголемени се малигните заболувања, респираторните заболувања и други болести и од тие причини ние како Министерство за здравство сакаме да ги следиме трендовите кои се спроведуваат во другите земји во Европа каде се преземаат радикални мерки во делот на ограничувањето на можноста на пушење во јавни простории.

Од таа причина овој закон е прецизно наменет во насока на едно постепено намалување на пушењето во јавните простории, сали, канцеларии и работни простории, чекални ходници и др.

Со прифаќањето на амандманите тоа се проширува и на ноќните клубови односно дискотеките, меѓутоа, со важење од 1 јануари 2010 година.

Дополнително она што до сега беше проблем како да се спроведе контролата на спроведувањето на овој постоечки закон и од таа причина поточно немаше доволна синхронизација помеѓу инспекциските надзори, па од таа причина во членот 7 од овој Предлог закон точно се дефинира кои се надлежностите на соодветните инспекторати поточно на Државниот пазарен инспекторат, на Санитарниот и Здравствениот инспекторат на Државниот просветен инспекторат како и на Државниот инспекторат за труд. На тој начин очекуваме дека ќе се постигне подобра системска контрола во делот на спроведувањето односно имплементацијата на овој закон.

Конечно, зголемени се прекршочните одредби во случај да не се постапува согласно овој закон, што верувам дека ќе придонесе законот брзо да заживее и на некој начин директно да се реглектира во подобрување на здравствената состојба на населението. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Зумрете Јакупи, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници,

Овој предлог е добар од причина што сите знаеме, тоа е аргументирано, за штетата од пушењето, пушењето на јавни места и димот што влијае врз населението. На овој начин тоа има штетно влијание и врз пасивните пушачи.

Знаеме дека штетата од пушењето е аргументирана во предизвикување на многу заболувања како што се кардиоваскуларните, респираторните или ракот на белите дробови.

Од овие причини иако имавме закон и претходно некако тешко се спроведуваше и затоа сега е добро што со овој предлог се преземаат мерки разни државни инспекторати како што е Инспекторатот за здравство, Државниот санитарен инспекторат, Просветниот инспекторат, сите овие инспекторати имаат обврска на попрецизен начин да го набљудуваат спроведувањето на истиот закон затоа што гледам преку тоа што сум го прочитала во текстот на законот констатирам дека ова е усогласување на прекршочните санкции со Законот за прекршоци и добро е што ова нема да остане само на хартија, туку инспекторатите навистина ќе станат активни на сите јавни места, притоа мислам на инспекторатот за здравство и другите инспекторати. Навистина да се преземат конкретни мерки и да се направи прецизно спроведување на истиот закон.

Ви благодарам на вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Панче Дамески, повелетер.

**Панче Дамески:** Благодарам претседателе, почитувани членови на Владата, дами и господа пратеници,

Со законот кој го имавме, со тоа решение беше дозволено во иста просторија да може да се одреди простор каде е дозволено пушење. Тоа беше одредба која беше тешко да се спроведе, а уште потешко да се контролира и санкционира.

Исто така, со ова законско решение сите присутни во тие простории беа ставени во позиција на пасивни пушачи.

Затоа сега се предлага целосна забрана на пушењето во сите јавни простории, а со прифаќањето на нашиот амандман од 1.01.2010 година таа забрана ќе важи за кафетериите, ноќните клубови и сите други јавни установи.

Уверен сум дека овој закон ќе даде голем придонес за зачувувањето на здравјето на сите граѓани на Република Македонија.

Причините за донесување на овој закон се многубројни, овде ќе наведам дел од нив.

Штетните последици од пушењето се познати, докажани и претставуваат неспорен медицински факт. За жал и покрај тоа пушењето на тутун кај нас е широко прифатено и масовна појава и претставува еден од поголемите здравствени проблеми. Здравствените проблеми поврзани со оваа лоша навика се големи почнувајќи од белодробните, малигни заболувања преку кардиоваскуларните заболувања и респираторните заболувања.

Ризикот за заболување од овие болести кај пушачите е зголемен за два до четири пати, но за жал тој ризик е зголемен и кај оние луѓе кои се пасивни пушачи, луѓе кои се изложени на чадот од цигарите на пушачите.

Секои осум секунди умира по еден човек од последица на болести предизвикани од активно или пасивно пушење на тутун.

Факт кој без другите медицински показатели е повеќе од доволен и кај нас да почне да се формира свест за потреба за решавање на овој проблем.

Пушачите во 50% случаи повеќе се болни и хоспитализирани, изостануваат од работа или

училиште. 80% од заболените од карцином на белите дробови се пушачи. Една од причините поради која овој закон треба да биде што е можно порестриктивен е и таа дека 20%од сите големи пожари се предизвикани од невнимание на пушачи.

Дел од пушачката популација можеби ќе реагира дека со вакви рестриктивни мерки се ограничуваат нивните човечки права и слободи, меѓутоа, нивните аргументи, би рекол, се многу послаби во однос на аргументите на нас кои ги предлагаме овие забрани, а тоа е основното право на секој човек, правото на живот.

Вакви закони за забрана на пушење веќе подолго време се донесени во сите европски земји, а од 1.01.2008 година овој закон е донесен и во Турција.

Искуствата од земјите кои го донеле овој закон пред повеќе години зборуваат дека во овој период се намалил бројот на пушачи и дека не дошло до економски загуби во угостителскиот сектор како што многу мина предвидуваат. Значи, спротивно на укажувањата на сите кои велат дека ќе има загуби во угостителскиот сектор.

Светски тренд во овој период е намалување на бројот на пушачи кои, за среќа, се намалува секоја година за 5%, па мислам дека и ние како држава треба да дадеме свој придонес во тоа.

Од сите овие причини, а имајќи го предвид дека здравјето налуѓето е најважна инвестиција на секоја држава и дека пушењето претставува докажан ризик за здравјето на популацијата, ги повикувам сите колеги пратеници да го поддржиме ова законско решение со кое се предлага целосна забрана на пушење тутун во сите јавни простории. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеника, од нив за гласаа 42, се воздржаа 8, против 8.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против, молам да крене рака? (Никој)

По Предлогот на Законот вкупно гласаа 58 пратеника, од нив за гласаа 42, осум воздржани, 8 против.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата се присутни 67 пратеника, полноважно е гласањето.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето.

**Минуваме на точката 21. - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Панче Дамески поднесе амандман на член 40 став 7 за додавање нова алилнеја по алинејата 5, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 40 став 7 за додавање нова алинеја по алинејата 5, поднесен од пратеникот Панче Дамески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете министре.

**Михајло Маневски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците и предлагачот кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор се јави министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам, господине претседателе,

Со оглед на значењето на законот и измените што се вршат во него, ќе дадам неколку клучни одредници кои се однесуваат на најзначајните измени и дополнувања на Законот. Имено, Законот за заштита на личните податоци се усогласува со европската регулатива. Во законот се вградува директивата број 9446 на европскиот Парламент, како и одредбите од дополнителниот Протокол на Конвенцијата 10881 која се однесува на заштита на поединците во поглед на автоматската обработка на личните податоци во врска со надзорните тела и прекуграничниот пренос на податоци и на Советот на Европа.

Мислам дека со законот попрецизно се определуваат одредбите што се однесуваат на чувањето, обработката и заштитата на личните податоци, потоа прашањето за вршење на инспекцискиот надзор, финансирањето на Дирекцијата, надлежностите на Дирекцијата, прецизно утврдени надлежности на Дирекцијата за заштита на личните податоци и усогласувањето на казнените одредби, согласно новиот Закон за прекршоци.

Мислам дека е битно да се напомене и тоа дека во законот е предложена кореспондентната табела во која може да се види усогласеноста на овој закон со одредбите од директивата и дополнителниот Протокол на Конвенцијата 10881 и тоа во поглед на мислењата што се доставени во врска со одредбите од законот. Тако што, да ви

кажам дека овој закон беше на мислење и во Евроџас и во Европската комисија, мислењата и препораките што се позитивни и препораките што се дадени за дополнување и изменување на Законот се вградени во текстот на законот.

Сакам да кажам и тоа дека овој закон е многу битен не само за склучувањето на договор за полноправно членство на Република Македонија во Евроџас и потпишувањето на договорот кој е утврден во нацрт верзијата и кој треба да биде потпишан веднаш после донесувањето на овој закон.

Исто така сакам да кажам дека законот е многу битен и за интегрираното гранично обезбедување, но и за либерализација на визниот режим, како и за преговорите што престојат околу склучувањето на оперативен договор на Република Македонија со Европол. Така што се работи за еден исклучително значаен закон кој ги вградува одредбите од европската регулатива и од директивите и Конвенцијата .

Предлагам Собранието на Република Македонија да го донесе законот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Мислам дека листата на пријавени за збор е исцрпена.

Констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, сите 64 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака. (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 64 пратеници, сите 64 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го доенсе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци.

**Минуваме на точката 22 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за судскиот вуџет.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците и предлагачот кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

(една минута).

Бидејќи нема пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеника, сите 64 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 64 пратеници, сите 64 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за судскиот буџет.

**Минуваме на точката 23 - Предлог на закон за изменување на Законот за малолетничка правда.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците и предлагачот кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

(една минута).

Бидејќи нема пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеника, сите 63 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 63 пратеници, сите 63 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за малолетничка правда.

**Минуваме на точката 24 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за адвокатура.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците и предлагачот кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор се јави госпоѓа Анита Кипаризова Крстевска, повелете.

**Анита Кипаризова Крстевска:** Благодарам претседателе,

На почетокот би сакала да го поздравам донесувањето на Предлог законот за измени и дополнување на Законот за адвокатура.

Сметам дека се направени неколку битни измени со донесувањето на овој Закон кои би ги поделила на 4 сегменти и тоа во делот за адвокатскио тиспит, престанокот и мирувањето на правото на вршење адвокатска дејност, организацијата на Адвокатската комора, како и висината на коморскиот блок.

Сметам дека се направени значајни измени во овие 4 сегменти и тоа во смисла на укинувањето на адвокатскиот испит односно бришење на членот 12-а, затоа што во месец мај 2006 година беше пропишана потреба од полагање на адвокатски испит како дополнителен услов за упис во именикот на адвокати.

Исто така од страна на Уставниот суд на Република Македонија беше укинат став 4 од членот 12-а со кој се уредуваше содржината на овој испит и притоа аргументацијата беше дека законодавецот определил што треба да биде содржина на адвокатскиот испит, меѓутоа истиот не кажал штоне треба да содржи овој испит, ниту пак беа определени поблиски критериуми за определување на содржината на испитот. Така што, покрај полагањето на правосудниот испит, беше пропишан за упис во Адвокатската комора односно при вршењето на адвокатската дејнсот, дополнителен услов полагање на адвокатскиот испит. Меѓутоа, на овој начин сметам дека покрај тоа што се испочитува и Одлуката на Уставниот суд, и во пракса ќе биде поприфатливо за оние кои во иднина треба да бидат упишани во именикот на адвокати.

Вториот сегмент каде е извршена значајна измена во Законот за адвокатура, согласно постоечките одредби од Законот за адвокатура, до колку адвокатот заснова работен однос му престануваше правото за вршење адвокатска дејност со тоа сметаме дека на адвокатот до сега му се ограничуваше правото за избор да се занимава со некоја друга дејнсот и на некој начин истиот беше казнет. Така што со пропишувањето на овој услов и можноста да се стави во мирување адвокатската дејност при засновање на работен однос, исто така е подобрување на целиот законски текст.

Трета област во која се интервенираше е конечно уредување со закон организацијата на Адвокатската комора, при што во Собранието на Адвокатската комора ќе има поголема транспарентност, ќе има поголема можност за учество на повеќе адвокати односно со сегашното законско решение кое се предлага, сите адвокати ќе имаат можност да учествуваат во работата на Собранието и на тој начин да учествуваат при донесувањето на битните одлуки кои се однесуваат на оваа фела.

Како четврт сегмент е утврдувањето на плафонот на коморскиот блок што ќе може да си го дозволат да си го платат сите потенцијални кандидати за вршење на адвокатска дејнсот, при што би кажала дека до мај 2006 година, за упис во Адвокатската комора односно за вршење на адвокатска дејност, коморскиот блок изнесуваше 1000 евра. Понатаму тој коморски блок беше зголемен на 1600 евра, што сметам дека е значителна сума и на одреден број на адвокати кои сакаат да се занимаваат со адвокатска дејнсот, им оневозможува да го искористат тоа право. Со сегашниот Предлог закон се предлага да не може да изнесува изнесува повеќе од две просечни нето плати исплатени во претходниот месец, што е значително намалување на висината на коморскиот блок при уплата и при запишување во Комората на адвокати.

Овие неколку измени сметам дека битно ќе влијаат и ќе им овозможат на сите потенцијални адвокати поголема можност при запишување и вршење на адвокатската дејност.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејки е изцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеника, сите 63 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 63 пратеници, сите 63 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за адвпкатурата.

**Минуваме на точката 25 - Предлог на закон за дополнување на Законот за воздухопловство.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците и предлагачот кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

(една минута).

Бидејки нема пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, сите 62 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република

Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (Нема).

Кој е против? (Никој).

По Предлогот на законот вкупно гласаа 62 пратеници, сите 62 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за воздухопловство.

**Минуваме на точката 26 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците и предлагачот кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

(една минута).

Бидејки нема пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеника, сите 64 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 64 пратеници, сите 64 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Ве повикувам да гласаме.

За гласаа 14 пратеници.

Дали има некој воздржан? (Нема).

Кој е против? (Никој).

Вкупно гласаа 14 пратеници, сите 14 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (Нема).

Кој е против? (Никој).

На седницата присуствуваат 14 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

За предлогот гласаа сите 14 пратеници, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност.

**Минуваме на точката 27 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците и предлагачот кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

(една минута)

Бидејки нема пријавени за збор, коснататирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Со оглед на тоа дека треба да се рестартира системот, давам пауза од 10 минути.

Продолжуваме во 17,40 часот.

(По паузата седницата продолжи во 17,40 часот)

**Трајко Вељаноски:** Пред да го ставам Предлогот на законот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Во салата се присутни 64 пратеници, можеме полноважно да гласаме.

Предлгот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеника, сите 63 гласаа за, нема воздржани , нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 63 пратеника, сите 63 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.

**Минуваме на точка 28 - Предлог на закон за изменување и дополнувње на Законот за жичари и ски-лифтови.**

Го молам претставникот на Владата да влезе во салата.

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците и предлагачот кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлгот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеника, сите 65 гласаа за, нема воздржани , нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 65 пратеника, сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за жичари и ски-лифтови.

**Минуваме на точка 29 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците и предлагачот кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлгот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, 61 гласаа за, нема воздржани , 1 против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 62 пратеника, 61 гласаа за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации.

**Минуваме на точка 30 - Предлог на Национална стратегија за развој на електронските комуникации со информатички технологии.**

Предлогот на стратегијата ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на стратегијата.

Пратеникот Илија Димовски поднесе амандмани за менување на зборовите “визија” и “мисија” на страна 2 со нов текст и за додавање нов текст на страна 37 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на зборовите “визија” и “мисија” на страна 2 со нов текст, поднесен од пратеникот Илија Димовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Зоран Ставрески, вицепремиер.

**Зоран Ставрески:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на стратегијата.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов текст на страна 37, поднесен од пратеникот Илија Димовски.

Го молам претставникот на Владата да се поризнесе.

Има збор господинот Зоран Ставрески, вицепремиер.

**Зоран Ставрески:** Амандман се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на стратегијата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на стратегијата.

Ги повикувам пратениците и предлгачот кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на стратегијата да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на стратегијата е завршен.

Предлгот на стратегијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеника, сите 66 гласаа за, нема воздржани , нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на стратегијата со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на стратегијата вкупно гласаа 66 пратеника, сите 66 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја усвои Националната стратегија за развој на електронските комуникации со информатички технологии.

**Минуваме на точка 31 - Предлог на Национална програма за железничка инфраструктура за период 2008 - 2012 година.**

Предлогот на програмата ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на програмата.

Пратеникот Илија Димовски поднесе амандман за додавање нова точка 5 на страна 27, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нова точка 5 на страна 27, поднесен од пратеникот Илија Димовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Зоран Ставрески, вицепремиер.

**Зоран Ставрески:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на програмата.

Продолжуваме со претрес по тексот на Предлогот на програмата.

Ги повикувам пратениците и предалгачот кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на програмата да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на програмата е завршен.

Предлгот на програмата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеника, сите 63 гласаа за, нема воздржани , нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на програмата со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на програмата вкупно гласаа 63 пратеника, сите 63 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Националната програма за железничка инфраструктура за период 2008 - 2012 година.

**Минуваме на точка 32 - Предлог на закон за дополнување на Законот за личното име.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Ве известувам дека согласно точка 2 од амандманот X на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците и предлагачот кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот X на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлгот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеника, сите 67 гласаа за, нема воздржани , нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 67 пратеника, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 14 пратеника, сите 14 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, а кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, да се

произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот на законот, молам да крене рака? Никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

На седницата присуствуваат 14 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Од нив за Предлогот на законот гласаа 14 пратеници. Од гласањето не се воздржа никој, нема против никој.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за дополнување на Законот за личното име.

Со оглед на тоа што времето истече, ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре со почеток во 11,00 часот со 14-тата седница.

Инаку за информација, има закажано нова седница 15-та со почеток во 15,00 часот.

(Седницата прекина во 18,00 часот)